

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ПРОЦЕСОТ НА РАТИФИКАЦИЈА НА ПРОТОКОЛИТЕ ЗА ПРИСТАП ВО НАТО, ВО ПАРЛАМЕНТИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА СОЈУЗОТ

**-студија-**

Изработил: Ева Јованова

Скопје, јули 2017 година

## РЕЗИМЕ

Студијата ги објаснува **чекорите во процесот на пристапување во НАТО** откако државата ќе добие покана за членство. Еден од чекорите кој има голема улога во целокупната временска рамка од поканата за членство во НАТО до формалниот прием на поканетата земја во Сојузот е **процесот на ратификација на Протоколите за пристап** во земјите членки на НАТО.

Со оглед на фактот што со ратификацијата на Протоколите за пристап на нови земји во НАТО, всушност се ратификуваат измените на Северноатлантскиот договор, чии потписнички се сите земји членки на НАТО, **процесот на ратификација, по правило, се одвива по редовна постапка предвидена за ратификација на меѓународни договори**. Оваа постапка најчесто се дефинира со уставите на земјите, а деталите се содржани и во деловниците на парламентите. Во Канада и Обединетото Кралство одлуката за ратификација на Протоколот за пристап ја носи извршната власт, додека во останатите 27 земји членки на НАТО, процесот на ратификација на Протоколите за пристап се одвива во парламентите.

Во однос на гласањето за ратификацијата на Протоколите за пристап, принципот на **просто мнозинство** се применува во најголем број земји членки на НАТО, односно во Белгија, Бугарија, Чешка, Данска, Франција, Грција, Холандија, Исланд, Италија, Латвија, Литванија, Унгарија, Германија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Црна Гора, Шпанија и Турција. **Апсолутно мнозинство** потребно е за ратификација на Протоколите за пристап во парламентите на Албанија, Естонија и Словачка. Во Парламентот на Луксембург, хрватскиот Парламент, и Сенатот на САД за ратификација на Протоколите за пристап е потребно **квалификувано мнозинство**.

Во однос на **времетраењето на целокупниот процес на ратификација на Протоколите за пристап** во земјите членки на НАТО, како студии на случај се земени последните четири круга на проширување на НАТО, односно проширувањата по студената војна: во 1999 година (Чешка, Унгарија и Полска); во 2004 година (Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија); во 2009 година (Албанија и Хрватска) и во 2017 година (Црна Гора). Согласно достапните податоци, може да се заклучи дека процедурата за ратификација на Протоколите за пристап е најдолга во Холандија.

Постапката на ратификација започнува со **потпишувањето на Протоколите за пристап од страна на министрите за надворешни работи на сите земји членки на НАТО**, а завршувањето на овој процес е предуслов за полноправно членство на поканетата држава во НАТО. Компаративната анализа покажува дека со најкратко времетраење е процесот на ратификација на Протоколите за пристап на Албанија и Хрватска во НАТО во 2009 година, односно околу 7 месеци сметајќи од потпишувањето на Протоколите за пристап од страна на земјите членки на НАТО до датумот на ратификацијата на Протоколите за пристап од страна на земјата членка на НАТО во која процесот на ратификација трае најдолго. Во останатите три круга на проширување на НАТО (по студената војна) овој процес во просек изнесувал околу една година.

## ВОВЕД

**Предмет** на оваа истражувачка работа е да се даде генерален приказ на процесот на пристапување во НАТО по добивањето покана за членство во Алијансата. Согласно со определбата на Република Македонија за членство во НАТО (за прв пат потврдена со Одлуката на Собранието на Република Македонија за пристапување на Република Македонија во НАТО од 23 декември 1993 година)[1], **целта** на истражувачката работа е да се објаснат чекорите во процесот на пристапување во НАТО. Во насока на утврдување на генералната временска рамка од поканата за членство во НАТО до формалниот прием на поканетата држава во Сојузот, даден е посебен осврт на ратификацијата на Протоколот за пристап, во земјите членки на НАТО. Ратификацијата на Протоколот за пристап, во земјите членки на НАТО е еден од чекорите во процесот на пристап кој има голема улога во целокупната временска рамка од поканата за членство во НАТО до формалниот прием на поканетата земја во Сојузот.

Од **методолошки** аспект, истражувачката работа во голем дел ги користи информациите од мрежата на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД)[2], законодавствата на земјите членки на НАТО, официјалната интернетска страна на НАТО, информации од документите на истражувачката служба на Конгресот на САД, како и информации од истражувачката служба на Црна Гора.

Северноатлантската алијанса, или НАТО (North Atlantic Treaty Organisation) е политички и воен сојуз во кој членуваат 29 земји од Европа и Северна Америка. Од Северноатлантскиот договор (Вашингтонскиот договор) произлегува дека НАТО е меѓувладина организација во чии рамки државите членки ја зачувуваат сувереноста и целосната независност[3]. Алијансата е основана на 4 април 1949 година во Вашингтон, со потпишувањето на Северноатлантскиот договор од 12 основачки членки: Белгија, Данска, Франција, Холандија, Исланд, Италија, Канада, Луксембург, Норвешка, Португалија, САД и Обединетото Кралство. Од 1949 година до денес, бројот на членови се зголеми од 12 на 29 преку седум круга на проширување во 1952, 1955, 1982, 1999, 2004, 2009 и 2017 година[4]. Политиката на пристапување во НАТО, односно политиката на „отворени врати“ (open door policy) се заснова на членот 10 од Северноатлантскиот договор, во кој се наведува дека членството е отворено за секоја „европска држава која е во можност да биде посветена и да ги унапредува принципите на овој договор и да придонесува за безбедноста на северноатлантската област“[5].

---

[1] Одлука за стапување на Република Македонија во членство во Северноатлантската договорна организација - НАТО („Службен весник на Република Македонија“ број 78/1993)

[2] ECPRD Request 3010, Ratification of Protocols on Accession to the North Atlantic Treaty, 22 December 2015;
ECPRD Request 1338, Ratification of International Treaties, 4 December 2015;
ECPRD Request 3388, Treaties and parliament's role, 11 April 2017.

[3] The North Atlantic Treaty (1949), http://www.nato.int/nato_static/assets/pdf/stock_publications/20120822_nato_treaty_en_light_2009.pdf (пристапено на 9.6.2017)

[4] Официјална интернетска страница на НАТО, Enlargement, http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49212.htm, (пристапено на 7.6.2017)

[5] The North Atlantic Treaty (1949), http://www.nato.int/nato_static/assets/pdf/stock_publications/20120822_nato_treaty_en_light_2009.pdf (пристапено на 9.6.2017)

Истражувањето се состои од четири поглавја. Во рамките на **првото поглавје** е даден генерален опис на процесот на пристапувањето во НАТО по добивањето покана за членство во Алијансата. Во **второто поглавје** подетално се објаснува еден од чекорите на процесот на пристапувањето во НАТО, односно постапката на ратификација на Протоколот за пристапување во земјите членки на НАТО, при што се дава преглед на правните решенија во земјите членки на НАТО во врска со процесот на ратификацијата на меѓународните договори (Протоколот) и начинот на гласање. Во **третото поглавје** табеларно и графички се претставени информациите во врска со периодот од влезот на Протоколите за поканетите земји во парламентарна процедура[6] до неговото усвојување во земјите членки на НАТО[7]. При тоа, опфатени се последните 4 круга на проширување, односно проширувањата по студената војна. Воедно, за последните четири круга на проширувањето дадени се и клучните датуми од аспект на чекорите во процесот на пристапувањето во НАТО по добивањето покана за членство. Во **четвртото поглавје** даден е наративен приказ на главните наоди на истражувачката работа. На крајот на истражувачката работа даден е **прилог** кој содржи хронолошки приказ на сите поважни настани поврзани со процесот на пристапување на Република Македонија кон НАТО досега.

Студијата е изработена на сопствена иницијатива на Парламентарниот Институт.

## I. ЧЕКОРИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО НАТО ПО ДОБИВАЊЕТО ПОКАНА ЗА ЧЛЕНСТВО

Одлуката за покана на определена држава да се приклучи кон Сојузот ја носи Северноатлантскиот совет врз основа на консензус меѓу земјите членки на НАТО. Официјалното доставување на поканата за започнување преговори за пристап претставува првиот чекор во процесот на пристапување во НАТО[8]. Понатаму следат неколку чекори.

- Преговори за пристапување со тим на НАТО;
- Поканетите земји/поканетата земја испраќаат/испраќа писмо на намера до НАТО, заедно со временската рамка за завршување на реформите.
- Протоколот за пристап (пристапување) го потпишуваат сите земји членки на НАТО.
- Протоколот за пристап го ратификуваат сите земји членки на НАТО.
- Генералниот секретар на НАТО ги поканува потенцијалните нови членки, односно членка, да се приклучат/приклучи кон Северноатлантскиот договор.

[6] Освен за Канада и Обединетото Кралство каде одлуката за ратификација на Протоколот за пристап во НАТО ја носи владата.
[7] Истражувањето не содржи информации за датумот на влезот на Протоколот за пристап на Црна Гора во НАТО во парламентарна процедура во земјите членки на НАТО бидејќи информациите добиени од ЕЦПРД датираат од декември 2015.
[8]Официјална интернетска страна на НАТО, Enlargement, http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49212.htm (пристапено на 07.06.2017)

- Поканетите земји пристапуваат во НАТО согласно со нивните национални процедури.
- По депонирањето на нивните инструменти за пристапување во Стејт департманот на САД, поканетата земја/земји формално станува членка на НАТО.

**Преговорите за пристапување** се одвиваат во седиштето на НАТО во Брисел помеѓу тимовите на експерти од НАТО и на претставници од поканетите држави, односно поканетата држава. Целта на преговорите е да се добие официјална потврда од поканетите држави/држава за нивната подготвеност и способност да ги исполнат политичките, правните и воените обврски кои произлегуваат од членството во НАТО, а кои се дефинирани во Вашингтонскиот договор и во Студијата за проширување на НАТО[9]. Преговорите се одржуваат во две сесии со секоја поканета држава. Во првата сесија се дискутираат политичките и одбранбените или воените прашања, што во суштина дава можност да се утврдат предусловите за членство кои треба да се исполнат. Втората сесија е повеќе техничка и вклучува дискусија за ресурсите, безбедноста и правните прашања, како и придонесот на секоја нова земја членка во заедничкиот буџет на НАТО. Ова се определува на пропорционална основа, според големината на економијата на новата земја членка во однос на економијата на останатите земји членки на Алијансата. Поканетите земји потребно е да спроведат мерки за обезбедување на заштита на класифицираните информации на НАТО и да ги подготват своите безбедносни и разузнавачки служби за работа со Канцеларијата за безбедност на НАТО (NATO Office of Security). Крајниот резултат на преговорите е определувањето на временска рамка за завршување на неопходните реформи која ја поднесува секоја поканета земја. Реформите можат да продолжат и откако земјата ќе стане членка на НАТО.

Следен чекор е **испраќањето писмо на намера до НАТО, заедно со временската рамка за завршување на реформите** од страна на поканетата држава. Министерот за надворешни работи на поканетата држава го испраќа писмото на намера, како и временската рамка за завршување на реформите до генералниот секретар на НАТО. Со писмото на намера се обезбедува потврда за прифаќање на обврските од членството во НАТО.

Потоа, Алијансата подготвува **Протоколи за пристапување кон Вашингтонскиот договор** за секоја поканета држава. Овие протоколи имаат сила на амандмани на Вашингтонскиот договор, кои по потпишувањето и ратификувањето од страна на земјите членки на НАТО, стануваат составен дел од самиот Договор и им овозможуваат на поканетите држави да станат членки на Алијансата.

**Земјите членки на НАТО ги ратификуваат пристапните протоколи** во согласност со нивните национални процедури. Постапката за ратификација варира од земја до земја. Во второто поглавје подетално се објаснува процесот на ратификација на Протоколот во земјите членки на НАТО, при што се дава преглед на правните решенија во земјите членки на НАТО во врска со ратификацијата на меѓународните договори (Протоколите) и начинот на гласање.

[9] Официјална интернетска страна на НАТО, Study on NATO Enlargement, http://www.nato.int/cps/po/natohq/official_texts_24733.htm (пристапено на 12.6.2017)

Откако сите земји членки на НАТО ќе ја известат владата на САД (депозитарот на Вашингтонскиот договор), за прифаќање на Протоколите за пристап, **генералниот секретар на НАТО ги поканува новите земји/земја да пристапат кон Договорот**.

**Поканетите земји пристапуваат кон Северноатлантскиот договор во согласност со нивните национални процедури**, односно по ратификацијата на Протоколот за пристап.

На крајот, **по депонирањето на инструментите за пристапување во Стејт департман на САД, поканетата земја/земји официјално станува членка на НАТО**.

## II. ПРЕГЛЕД НА ПРАВНИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ВРСКА СО ПОСТАПКАТА НА РАТИФИКАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ ЗА ПРИСТАП, ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА НАТО

Со оглед на фактот дека ратификацијата на Протоколите за пристап, всушност, значи ратификација на дополнувањата на Северноатлантскиот договор, чии потписнички се сите земји членки на НАТО, процесот на ратификација по правило се одвива **по редовна постапка предвидена за ратификација на меѓународни договори**, освен доколку со Уставот или друг правен акт на државите членки на НАТО не е поинаку предвидено. Оваа постапка најчесто се дефинира во уставите на државите, а деталите се содржани во деловниците на парламентите. Во 27 од 29-те земји членки на НАТО, процесот на ратификација на Протоколот за пристап се одвива во парламентите, а исклучок се Канада и Обединетото Кралство, каде одлуката за ратификација на Протоколот за пристап ја носи владата. Оттука, ова поглавје дава преглед на правните решенија за постапката за ратификација на меѓународните договори во земјите членки на НАТО.

### II.1 Република Албанија

Согласно член 121 од Уставот на Албанија[10], меѓународните договори се потврдуваат или одбиваат со закон. Во член 123 се наведува дека доколку со ратификацијата на меѓународниот договор се пренесуваат дел од државните овластувања во определени области на меѓународната организација, законот со кој се ратификува тој меѓународен договор треба да биде одобрен од мнозинството од вкупниот број пратеници. Воедно, парламентот може да одлучи ратификацијата на таквиот договор да биде спроведена преку референдум. Во однос на гласањето за ратификација на Протоколот за пристапување во НАТО потребно е мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

### II.2 Кралство Белгија

Во Белгија, меѓународните договори ги склучува Кралот, освен кога станува збор за договори во врска со прашања кои се во исклучива надлежност на општините и регионите.  Ратификацијата од страна на кралот значи всушност ратификација

[10] Устав на Албанија, http://unpan1.un.org/intradoc/groups/public/documents/untc/unpan013810.pdf, (пристапено на 21.6.2017)

од страна на Сојузната влада, бидејќи Белгија е парламентарна монархија во која само Сојузната влада е одговорна пред Парламентот и секој договор ратификуван од Кралот мора да е „поддржан“ од одговорниот сојузен министер[11]. Пред 1993 година, Парламентот (Горниот и Долен дом) потврдуваше само одредени видови на договори, што го објаснува фактот дека Протоколот за пристапување на Шпанија во НАТО не е потврден од страна на Парламентот на Белгија. По шестите државни реформи[12] во Белгија во 2011 година, Долниот дом ги ратификува договорите за прашања кои се од федералната надлежност. Во однос на гласањето, меѓународните договори се потврдуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници.

### II.3 Република Бугарија

Во член 85 од Уставот на Бугарија[13] се наведува дека Парламентот со закон ги потврдува или одбива меѓународните договори, вклучително и меѓународните договори кои се однесуваат на членството на Бугарија во меѓународни организации, како и меѓународните договори од политички или воен карактер. Истиот член предвидува двотретинско мнозинство од сите пратеници, исклучиво за ратификација на договорите со кои дел од уставните овластувања се пренесуваат на ЕУ. Во однос на ратификацијата на Протоколот за пристап во НАТО важи стандардната процедура, односно потребно е просто мнозинство гласови (мнозинство гласови од присутните пратеници).

### II.4 Сојузна Република Германија

За меѓународните договори со кои се уредуваат политичките односи на Федерацијата, потребно е одобрување од Парламентот, а Протоколот за пристапување на нови членки во НАТО е всушност тип на договор со кој се уредуваат политичките односи на Федерацијата. Член 59 (став 2) од Уставот на Германија[14] предвидува дека договорите со кои се уредуваат политичките односи на Федерацијата или се однесуваат на прашања поврзани со сојузните закони, бараат согласност или учество, во форма на сојузен закон на органите надлежни за донесувањето на сојузниот закон во таков случај. Односно, сојузниот закон треба да добие согласност од Бундесратот (Горниот дом, кој ги претставува 16-те сојузни држави) пред да биде усвоен од Бундестагот (Долниот дом) на Парламентот. Бундестагот одлучува со просто мнозинство гласови. Воедно и Бундесратот одлучува со просто мнозинство гласови.

Сојузната влада го доставува предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор до Бундесратот, кој има право да даде коментар за предлогот во рок од шест недели. Меѓутоа, доколку во исклучителен случај, сојузната влада при поднесувањето на предлог-законот, соопшти дека станува збор за итен случај (како на пр. во случај на пристапувањето на Шпанија во НАТО во 1982 и пристапувањето на Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Словачка,

[11] ECPRD Request 1338, Ratification of International Treaties, 4 December 2015
[12] Шестите државни реформи е назив за сеопфатните реформи за „поефикасна федерална држава и поавтономни ентитети“.
[13] Устав на Бугарија, http://www.vks.bg/english/vksen_p04_01.htm, (пристапено на 22.6.2017)
[14] Устав на Германија, https://www.btg-bestellservice.de/pdf/80201000.pdf, *(пристапено на 22.6.2017)*

Словенија и Романија во 2004 година) крајниот рок за поднесување на предлог-законот до Бундестагот е три недели.

По поднесувањето во Бундестагот, предлог-законот подлежи на две читања во двата дома на Парламентот, или три читања во случај таква одлука да донесе Бундестагот. Во однос на пристапот во НАТО, постапката вклучува две читања. На крајот на првото читање, предлог-законот се доставува до Комитетот за надворешни работи, кој подготвува извештај и дава препорака за одлука. Во случај на пристапувањето на Албанија и Хрватска во НАТО во 2009 година, мислењето беше дадено од страна на Националниот совет за регулаторна контрола.

## II.5 Република Грција

Во согласност со член 28 од Уставот на Грција[15], законот за ратификација на меѓународен договор потребно е да биде одобрен од мнозинството од три петтини (60%) од вкупниот број пратеници. Сепак, законот за ратификација на меѓународен договор може да биде одобрен и со апсолутно мнозинство гласови од вкупниот број пратеници доколку ограничувањето на националниот суверенитет со договорот е од значаен национален интерес, ги гарантира човековите права и основите на демократската власт и се остварува врз основа на принципите на еднаквост и под услови на реципроцитет.

## II.6 Кралство Данска

Од членот 19 од данскиот Устав[16] произлегува дека за склучување меѓународни договори потребно е одобрување од данскиот Парламент (Folketing). Односно Кралот, без одобрување на Парламентот не може да преземе ништо по прашања за кои е потребна согласност од Парламентот, ниту пак може да прифати каков било договор од „голема значајност". Согласно член 50 од Уставот за Парламентот да има кворум да одлучува за меѓународен договор, половина од неговите членови мора да бидат присутни и да учествуваат во гласањето. Во член 20 од Уставот на Данска се предвидува одржување референдум во случај на пренесување на суверените права со меѓународен договор.

Со оглед на тоа што Протоколот не подразбира пренесување на суверени права, одржување референдум не е задолжително, но не е исклучено[17].

---

[15] Устав на Грција, http://www.hri.org/docs/syntagma/, (пристапено на 22.6.2017)

[16] Устав на Кралството Данска, https://www.constituteproject.org/constitution/Denmark_1953.pdf (пристапено на 7.7.2017)

[17] Anna Eschbach, The Ratification Process in EU Member States, Institute for Comparative Public Law and International Law, Cologne, http://ttip2016.eu/files/content/docs/Full%20documents/Eschbach_Ratification-TTIP-CETA-in-EU-MS.pdf (пристапено на 22.6.2017)

## II.7 Република Естонија

Согласно Уставот[18] постапката за ратификација на меѓународни договори во Естонија е во надлежност на Парламентот, при што експлицитно се отфрла референдумот како начин на донесување на одлуки во голем број области. Односно, во член 106 се наведува дека „прашањата поврзани со буџетот, даночните, финансиски обврските на државата, ратификацијата и одбивањето на меѓународни договори, објавување или престанок на вонредна состојба, како и националната одбрана, нема да биде предмет на референдум“. Членот 121 меѓу другото наведува дека Парламентот има право да потврди или отфрли меѓународни договори. Според Деловникот за работа на Парламентот, предлог законите кои се однесуваат на меѓународните договори се разгледуваат во две читања, освен ако матичната комисија предложи спроведување на трето читање[19]. Со оглед на фактот дека Уставот (член 122) предвидува квалификувано мнозинство само за договори кои се однесуваат на промена на државните граници (за чија ратификација е потребно двотретинско мнозинство од сите пратеници), за ратификација на Протоколот за пристапување во НАТО потребно е апсолутно мнозинство, или најмалку 51 гласови од вкупно 101 пратеник. Предлог-законот за ратификација на Протоколот во случајот на пристапувањето на Албанија и Хрватска се дискутираше трипати во Комисијата за надворешни работи, двапати пред првото, и уште еднаш пред второто читање. Предлог-законот беше усвоен едногласно со 84 гласа за, без гласови против и воздржани.

## II.8 Република Исланд

Согласно со член 21 од Уставот на Република Исланд[20], претседателот на Републиката склучува договори со други држави. Одобрување од Парламентот (Althingi) е потребно само за договори кои се однесуваат на отстапување од територија или територијални води, како и на промени во државниот систем.

## II.9 Република Италија

Во член 80 од Уставот[21] на Република Италија се наведува дека Парламентот со закон ја потврдува ратификацијата на меѓународни договори кои се од политичка природа, кои се однесуваат на арбитража или правно решение, кои подразбираат промена на границите, монетарни расходи или нова регулатива. Со оглед на тоа што членството во НАТО е прашање од политичка природа, Протоколот за пристапување е предмет на ратификација во Парламентот. Според Деловникот за работа на Парламентот предвидена е стандардна

---

[18] Устав на Република Естонија https://www.president.ee/en/republic-of-estonia/the-constitution/ (пристапено на 22.06.2017)

[19] Riigikogu Rules of Procedure and Internal Rules Act, RT I 2007, 44, 316 - entry into force 14.7.2007] https://www.riigiteataja.ee/en/eli/528012015007/consolide/current (пристапено на 22.06.2017)

[20] Устав на Република Исланд, http://www.government.is/media/Skjol/constitution_of_iceland.pdf (пристапено на 22.6.2017)

[21] Устав на Република Италија, https://www.senato.it/documenti/repository/istituzione/costituzione_inglese.pdf (пристапено на 22.6.2017)

процедура за разгледување и гласање во случаи на предлог закони за уставни и изборни предмети, делегирање на законодавството, ратификување на меѓународни договори и одобрувањето на буџетот и завршните сметки. Член 87 од Уставот предвидува обврска на претседателот за ратификување на меѓународни договори кои, во случаи кога тоа е потребно, се претходно одобрени од страна на Парламентот.

## II.10 Канада

Процесот на ратификација на меѓународните договори во Канада е целосно контролиран од страна на извршната власт, иако Парламентот во текот на изминатите 80 години бил вклучен ад хок во овој процес[22]. Во јануари 2008 година, федералната влада ја објави новата политика за зголемување на вклученоста на Парламентот во овој процес. Имено, извршната власт претходно го поднесува меѓународниот договор на разгледување во Долниот дом на Парламентот. Потоа, во рок од 21 работен ден, секретарот на Долниот дом на Парламентот го доставува целиот текст на меѓународниот договор, како и меморандумот во кој се објаснуваат основните факти во врска со прашањето на кое се однесува договорот, вклучувајќи ја и главната тема, основните обврски и националните интереси, разгледување на политиките, разгледување на договорот од аспект на односот меѓу федералното и територијалното (провинциите) ниво, потенцијалните проблеми при имплементацијата, описот на секоја изјава, како и опис на консултациите. Долниот дом има на располагање 21 работен ден да го разгледа договорот и да даде предлог за дејствување, како и да препорача ратификација. Сепак, тоа нема правна сила. Извршната власт го задржува целосното право да одлучува за ратификација на договорот по завршувањето на парламентарните процедури. Исто така, постои можност во исклучителни случаи, извршната власт да го ратификува договорот пред неговото поднесување во Парламентот на разгледување. Оттука, сите овластувања во врска со преговорите, склучувањето и ратификацијата на меѓународните договори се во рацете на извршната власт, што значи дека за ратификација на Протоколот за пристапување во НАТО не е потребно да се гласа во Парламентот. Во согласност со новата политика, владата генерално го доставува Протоколот на разгледување во Парламентот. Сепак, тоа не беше случај со протоколите за пристапување на Хрватска и Албанија поради временските ограничувања.

## II.11 Република Летонија

Членот 68 од Уставот на Република Летонија[23] предвидува дека сите меѓународни договори кои се однесуваат на прашања за кои може да се одлучува во законодавен процес, мора да бидат ратификувани од страна на Парламентот (Сејмот). Во согласност со Деловникот за работа на

[22] Canada's Approach to the Treaty-Making Process, https://lop.parl.ca/content/lop/researchpublications/2008-45-e.htm (пристапено на 22.06.2017)
[23] Устав на Република Летонија http://www.humanrights.lv/doc/latlik/satver~1.htm, (пристапено на 22.6.2017)

Парламентот[24], законите се донесуваат со стандардна процедура по три читања, односно, ако станува збор за ратификација на меѓународни договори, по две читања. Бидејќи со ратификацијата на Протоколот за пристапување на нови членки во НАТО не се пренесуваат национални овластувања на меѓународни организации, одлуката за ратификација на овој Протокол, се носи во скратена постапка, по две (наместо стандардните три) читања, со просто мнозинство на гласови од присутните членови.

## II.12 Република Литванија

Во член 67 од Уставот[25] на Република Литванија се наведува дека Парламентот (Сејмот) ратификува или одбива меѓународни договори и расправа за прашања поврзани со надворешната политика. Според член 84 став 2 од Уставот претседателот ги потпишува меѓународните договори и ги доставува на Сејмот за ратификација. Согласно член 138 од Уставот, Собранието има надлежност да ги ратификува или одбие следниве меѓународни договори: за измена на државните граници на Република Литванија; за политичка соработка со други држави, договори за меѓусебна помош, како и договори во врска со одбраната на државата; за отфрлање на употреба на сила или закана на сила, како и мировни договори; за присуство и статус на вооружените сили на Република Литванија на територијата на други држави. Постапката за ратификување меѓународни договори е дефинирана и со Деловникот за работа на Парламентот[26]. Во член 181, став 1 од Деловникот се наведува дека „Законот за ратификација на меѓународен договор ќе биде усвоен со просто мнозинство на членовите на Сејмот (пратениците) на седница на која присуствуваат не помалку од две петтини (40%) од сите членови на Сејмот". За Протоколите за пристапување на Хрватска и Албанија, беше дискутирано од страна на четири комисии во Сејмот: Комисијата за национална безбедност и одбрана, Комисијата за надворешни односи, Комисијата за правни прашања и Комисијата за човекови права. Законот за ратификација на Протоколите за пристапување беше усвоен со 100 гласа „за", 4 „против", без воздржани.

## II.13 Големо Војводство Луксембург

Членот 37 од Уставот[27] на Луксембург содржи одредба која гласи: „Меѓународните договори се потврдуваат со закон за кој се гласа под услови утврдени со член 114 став 2. Според наведениот член, никаква ревизија не може да биде усвоена ако за тоа не гласале минимум две третини од сите пратеници на Парламентот, гласањето преку посредник не се прифаќа.

[24] RULES OF PROCEDURE OF THE SAEIMA, http://www.saeima.lv/en/legislation/rules-of-procedure, (пристапено на 22.06.2017)
[25] Устав на Република Литванија, http://www3.lrs.lt/home/Konstitucija/Constitution.htm (пристапено на 10.7.2017)
[26] SEIMAS OF THE REPUBLIC OF LITHUANIA STATUTE, 17 February 1994 No.I-399, http://www.legislationline.org/download/action/download/id/838/file/1d3069e22bf427292ff15e253dd9.htm/preview (пристапено на 10.07.2017)
[27] Устав на Луксембург, https://www.constituteproject.org/constitution/Luxembourg_2009.pdf (пристапено на 10.7.2017)

### II.14 Кралство Норвешка

Уставот на Норвешка[28] во член 26 предвидува дека кралот има овластување да ги потврди или да ги отфрли меѓународните договори. Сепак, во истиот член е наведено дека договорите од посебна важност, како и договорите за чија имплементација Уставот предвидува донесување закон или парламентарна одлука, не се правно обврзувачки сè додека Парламентот не даде формална согласност. За одобрување на Протоколот за членство во НАТО, потребно е просто мнозинство во Парламентот. По гласањето во парламентот, со потписот на Кралот процесот на ратификација се смета за завршен.

### II.15 Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

Во случајот на Обединетото Кралство, правилата за ратификација на меѓународните договори се разликуваат од вообичаената практика во другите држави. Овластувањето за ратификација на меѓународните договори му е доверено на министерот за надворешни работи (Foreign Secretary), а Парламентот нема формална улога во процесот на ратификација. Сепак, од 1920 година воспоставена е уставна практика, која се нарекува „Понсонби правило“ (Ponsonby Rule), според која сите договори кои се предмет на ратификација треба да бидат поднесени на разгледување во Парламентот, 21 ден пред датумот предвиден за ратификација. Парламентот расправа за ратификацијата на меѓународниот договор, иако нема формална моќ да донесе одлука. Со оглед дека ратификацијата не ја врши законодавната власт, британската уставната практика предвидува дека законодавството за спроведување на договорот формално не е дел од процесот на ратификација, но мора да ѝ претходи на ратификацијата[29].

### II.16 Република Полска

Во согласност со член 133 од Уставот[30] на Република Полска, Претседателот на Републиката, како претставник на државата, е овластен да ги ратификува и отфрла меѓународните договори и за тоа да ги извести Сејмот и Сенатот (Долниот или Горниот дом на Парламентот). Сејмот му дава овластување на претседателот да изврши ратификацијата на одредени меѓународни договори со закон односно со акт за ратификација, меѓу другото, кога станува збор за политички или воени договори или сојузи (член 89 од Уставот). Оттука, Протоколите за пристапување на нови членки во НАТО, спаѓаат во категоријата на договори за чија ратификација е потребна претходна согласност од Парламентот.

Процесот на ратификација е следен: предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор владата го поднесува до Сејмот, каде што се разгледува

---

[28] Устав на Норвешка, https://www.stortinget.no/Global/pdf/Diverse/Forretningsorden_engelsk_2014.pdf (пристапено на 10.7.2017)

[29] House of Commons Library, Parliament's role in ratifying treaties, Commons Library Briefing, 17 February 2017 researchbriefings.files.parliament.uk/documents/SN05855/SN05855.pdf (пристапено на 10.7.2017)

[30] Устав на Република Полска, http://www.sejm.gov.pl/prawo/konst/angielski/kon1.htm (пристапено на 10.07.2017)

во три читања (член 118-119 од Уставот, член 36 од Деловникот за работа на Сејмот[31]). Првото читање поминува на седница на Сејмот, или на седница на Комисија. Предлог-законите за ратификација на Протоколите во случај на проширувањето на НАТО во 2009 година и 2004 година биле разгледувани во рамките на Комисијата за национална одбрана и Комисијата за надворешни работи. Комисиите за предлог-законот поднесуваат заеднички извештај, во кој се наведува ставот на Комисиите за предлог-законот (член 43 од Деловникот за работа на Сејмот). Второто читање се состои од презентација на предлог-законот и извештајот на пленарна седница, проследено со дискусии и поднесување на амандмани и предлози. Второто читање се одржува не порано од седмиот ден од доставувањето на извештајот до пратениците, освен доколку Сејмот не одлучи поинаку (член 44 од Деловникот). Третото читање може да се случи веднаш, ако предлог-законот не се враќа на комисиите на второ читање. Третото читање се состои од презентација на дополнителен извештај на Комисијата. Доколку пак, предлог-законот не се враќа на Комисиите, тогаш третото читање се состои од презентации на заменикот известувач (deputy-rapporteur) на измените и предлозите кои биле поднесени во текот на второто читање, т.е. гласање (член 49 од Деловникот). Сејмот може, во случај кога тоа е оправдано да ја скрати постапката во врска со предлог-законот. Скратена постапка беше применета во случај на предлог-законот за ратификација на Протоколите за приемот на Албанија и на Хрватска во НАТО во 2009 година, пристапувањето на Бугарија, Романија, Словенија, Словачка, Латвија, Литванија и Естонија во 2004 година, како и приемот на Полска во 1999 година.

Сејмот го усвојува предлог-законот со просто мнозинство, во присуство на најмалку половина од пратениците (член 120 од Деловникот). По усвојувањето од страна на Сејмот, претседателот на Сејмот го доставува предлог-законот до Сенатот. Сенатот во рок од 30 дена од денот на поднесување на предлог-законот, може да го усвои без измени, да усвои амандмани на предлог-законот, или да го одбие. Ако Сенатот во рок од 30 дена по поднесувањето на предлог-законот не донесе соодветна резолуција, се смета дека предлог-законот е усвоен. По завршувањето на постапките предвидени во член 121 од Уставот, претседателот на Сејмот го поднесува предлог-законот до Претседателот на Републиката на потпис. Претседателот на Републиката го потпишува предлог-законот во рок од 21 ден од денот на неговото доставување, по што се објавува во Службен весник (член 122 од Уставот и член 53 од Деловникот).

## II.17 Република Португалија

Португалија е една од 12-те земји основачи на Северноатлантската договорна организација во 1949 година. Затоа, за време на Втората Португалска Република (1933-1974), постапката за пристапување беше спроведувана во согласност со тогашните правила и во согласност со тогашниот Устав од 1933 година, која

[31] The Standing Orders of the Sejm of the Republic of Poland, http://oide.sejm.gov.pl/oide/en/index.php?option=com_content&view=article&id=14798:the-standing-orders-of-the-sejm-of-the-republic-of-poland&catid=7&Itemid=361 (пристапено на 10.7.2017)

денес не се применува. Уставот на Република Португалија од 1976 година[32], во член 161, меѓу другото, му дава на Парламентот овластување да одобрува меѓународни договори, особено оние кои се однесуваат на членство на државата во меѓународни организации, договори за пријателство, за мир, за одбрана, за коригирање на граници или за воени прашања, како и меѓународни договори кои се занимаваат со прашања за кои Парламентот има ексклузивна надлежност, како и договори за кои Владата смета дека е неопходно да бидат доставени до Парламентот на разгледување. Во однос на гласањето, во согласност со Уставот, меѓународните договори се донесуваат со просто мнозинство на гласови од присутните пратеници. По усвојувањето од страна на Парламентот, неопходно е ратификацијата да ја одобри претседателот на Републиката. Согласно Уставот, доколку Уставниот суд прогласи која било одредба во договорот за неуставна, договорот може да се ратификува само ако Собранието го усвои со двотретинско мнозинство од присутните пратеници и апсолутно мнозинство од сите пратеници.

## II.18 Романија

Согласно член 91 од Уставот[33] на Романија, претседателот на државата склучува меѓународни договори за кои претходно преговара Владата, и истите ги доставува до Парламентот за ратификација во „разумен временски рок“. Предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор прво го усвојува Долниот дом на Парламентот. По усвојувањето или одбивањето во Долниот дом, предлог-законот се доставува во Горниот дом, кој ја носи конечната одлука. Предлог-законите за ратификација на меѓународните договори имаат предност во однос на другите предлози на закони кои се во парламентарна процедура. Во рамките на процесот на усвојување на законите за ратификација на меѓународните договори не е дозволено поднесување амандмани на текстот на предлог-законот, освен за измени поврзани со технички грешки или грешки во преводот. Уставот на Романија предвидува дека законите и резолуциите се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови во двата дома на Парламентот.

## II.19 Словачка Република

Уставот на Словачка Република[34] го овластува Парламентот за ратификација на меѓународни договори. Конкретно, во член 86 се наведува дека Парламентот е одговорен, меѓу другото, за давање согласност за ратификација на меѓународни политички и воени договори. Уставот предвидува дека за меѓународните договори за човекови права и основни слободи, меѓународните договори од воена природа, меѓународните договори за членство на државата во

[32] Устав на Република Португалија, http://www.en.parlamento.pt/Legislation/CRP/Constitution7th.pdf (пристапено на 10.7.2017)

[33] Устав на Романија, http://www.cdep.ro/pls/dic/site2015.page?id=371&idl=2&par1=3 (пристапено на 10.7.2017)

[34] Устав на Словачка Република, http://www.vop.gov.sk/constitution-of-the-slovak-republic (пристапено на 10.7.2017)

меѓународни организации, итн., пред нивната ратификација, потребно е одобрение (согласност) од Парламентот. Оттука, пред ратификацијата на Протоколите за пристапување на Албанија и Хрватска во НАТО од страна на Претседателот, беше потребна согласност од Парламентот. Согласно Уставот, за ратификацијата на меѓународните договори потребно е апсолутно мнозинство од сите пратеници.

### II.20 Република Словенија

Уставот на Република Словенија[35] во член 86 наведува дека Собранието ратификува меѓународни договори со просто мнозинство гласови од присутните членови, со стандарден услов на кворум (присуство на повеќе од половината пратеници), освен во случаи предвидени со Уставот и со закон. Оттука, ратификацијата на Протоколот за пристапување на нови членки во НАТО во Словенија се одржува во редовна законодавна постапка и бара просто мнозинство гласови.

### II.21 Соединетите Американски Држави

Во Соединетите Американски Држави (САД), извршната власт е овластена да склучува меѓународни договори. Сепак, сите склучени договори се предмет на процес на ратификација од страна на законодавната власт. Со цел да стане правно обврзувачки, меѓународниот договор мора да биде ратификуван од страна на Горниот дом на Конгресот на САД (Сенатот), од две третини (двотретинско мнозинство) од сите сенатори. Процесот на ратификација се финализира со потпишувањето од страна на претседателот на САД[36].

### II.22 Република Турција

Во членот 90 од Уставот на Република Турција[37] се наведува дека ратификацијата на меѓународните договори кои државата ги склучува со други држави и меѓународни организации се врши во Парламентот со донесување на закон за одобрување на ратификацијата. Извршната власт ги доставува предлог резолуциите до Парламентот, по што предлогот се става на расправа во надлежната комисија, а потоа и на пленарна седница. По завршувањето на расправата, се гласа за предлогот, за чие одобрување е потребно просто мнозинство на гласови. Меѓународните договори ратификувани во согласност со пропишаната процедура имаат сила на закон и не можат да бидат предмет на расправа пред Уставен суд.

---

[35] Устав на Република Словенија, www.dz-rs.si/wps/portal/en/Home/PoliticniSistem/UstavaRepublikeSlovenije (пристапено на 10.7.2017)

[36] Michel John Garcia, International Law and Agreements: Their Effect upon U.S. Law, Congressional Research Service, September 24, 2015, https://www.everycrsreport.com/files/20150924_RL32528_2ce3cbc59891da783bdb9fa34756754810d4d301.pdf (пристапено на 10.7.2017)

[37] Устав на Република Турција, http://www.constitution.org/cons/turkey/part3.htm (пристапено на 10.7.2017)

## II.23 Унгарија

Во член 1 (став 2) од Уставот на Унгарија се наведува дека Парламентот како врховен законодавен орган „го потврдува признавањето на  сите меѓународни договори во рамките на своите надлежности и компетенции“. По одобрувањето од страна на Парламентот, претседателот на државата е овластен официјално да ја прифати законската обврска која произлегува од меѓународниот договор кој ја добил поддршката на пратениците (член 9, став 4). Согласно унгарскиот Устав потребно е одобрување од две третини од сите пратеници само во случај на ратификација на договори во врска со правото на Европската Унија. Во случај на ратификацијата на Протоколот за пристапување во НАТО, се применува член 5 (став 6), во кој се предвидува стандардна процедура за донесување одлуки, освен ако не е поинаку утврдено со Уставот и Деловникот на Парламентот. Оттука за ратификацијата на Протоколот за пристапување во НАТО потребно е просто мнозинство од присутните пратеници.

## II.24 Република Франција

Согласно членот 53 од Уставот на Република Франција[38], одредени категории на договори, вклучително меѓународните договори мора да бидат ратификувани од Парламентот. Комисијата за надворешни работи, игра клучна улога во оваа постапка, особено поради тоа што може да ја одложи расправата или да му предложи на Националното Собрание измена на предлог-законот. Комисиите за надворешни работи на двата дома на Парламентот (Националното собрание и Сенатот) не можат да го променат текстот на меѓународните договори. Водењето дипломатски преговори е одговорност на извршната власт. Затоа, речиси сите закони кои се однесуваат на ратификација или одобрување на меѓународните договори подразбираат иницијатива на владата. Предлог-законот кој се однесува на ратификацијата или одобрувањето на меѓународниот договор, се доставува до Комисијата за надворешни работи при Националното собрание, или  доколку се разгледува во Сенатот, се доставува до Комисијата за надворешни работи на Сенатот. Комисијата за надворешни работи назначува известувач кој го презентира предлог-законот на своите колеги. Комисијата изработува писмен извештај кој се поднесува на пленарна седницата. Во согласност со член 54 од Уставот, меѓународните договори кои не се во согласност со Уставот, можат да бидат ратификувани само доколку се направат промени на Уставот.

Според Деловникот за работа на Националното собрание (член 47), Конференцијата на претседателите (орган составен од претседателот на Републиката, претседателот на Националното собрание, претседателите на постојаните комисии, генералниот известувач на Комисијата за буџетски надзор, економија и финансии, претседателот на Комисијата за европски работи и претседателите на пратеничките групи) може да одлучи да го донесе законот,

[38]Устав на Република Франција, http://www2.assemblee-nationale.fr/langues/welcome-to-the-english-website-of-the-french-national-assembly (пристапено на 11.7.2017)

без дебата[39]. Оваа постапка го забрзува процесот и често се користи за меѓународни договори, доколку тие веќе се дискутирани во Комисијата за надворешни работи. Во пракса, Комисијата за надворешни работи одлучува, откако ќе ја информира Владата, дали предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор ќе се разгледува на пленарна седница. Исто така, треба да се има предвид дека постапката за донесување на закон за ратификација претпоставува дека текстот на законот е усвоен од страна на Националното собрание и Сенатот.

### II.25 Кралство Холандија

Во член 91 од холандскиот Устав[40] се наведува дека Холандија не може да биде обврзана со меѓународни договори, ниту пак такви договори да бидат отфрлени, без претходно одобрување од страна на Парламентот. Случаите кога такво одобрување не е нужно треба да се наведат во акт на Парламентот. Начинот на давање одобрение се утврдува со акт на Парламентот, што имплицира можност за давање прекутна согласност. Одредбите на меѓународниот договор кои се во спротивност со Уставот мора да бидат одобрени од страна на двата дома на Парламентот со двотретинско мнозинство на гласови. Во однос на ратификацијата на Протоколот за пристапување во НАТО, Парламентот одлучува во редовна законодавна процедура со просто мнозинство на гласови.

### II.26 Република Хрватска

Согласно член 139 од Уставот на Република Хрватска[41] надлежност за склучување меѓународни договори, во зависност од содржината, имаат Парламентот, претседателот и Владата. Член 140 од Уставот предвидува надлежност на Собранието за потврдување (ратификација) на меѓународни договори кои бараат донесување или измени на закони, меѓународни договори од воена и политичка природа и меѓународни договори кои имаат финансиски импликации за државата. Меѓународните договори со кои на меѓународната организација или сојуз и/му се даваат овластувања кои произлегуваат од Уставот на Република Хрватска, хрватскиот Парламент ги потврдува со двотретинско мнозинство гласови од сите пратеници. Покрај тоа, член 140 предвидува дека претседателот на Републиката ги потпишува документите за ратификација, пристапување, одобрување или прифаќање на меѓународните договори кои Парламентот претходно ги потврдил. Според член 141 меѓународните договори кои се потпишани и ратификувани во согласност со

[39] French National Assembly, Rules of procedure,February 2010, http://www2.assemblee-nationale.fr/langues/welcome-to-the-english-website-of-the-french-national-assembly (пристапено на 11.7.2017)
[40] Устав на Кралството Холандија, https://www.government.nl/documents/regulations/2012/10/18/the-constitution-of-the-kingdom-of-the-netherlands-2008 (пристапено на 11.7.2017)
[41] Устав на Република Хрватска, http://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2010_07_85_2422.html (пристапено на 11.7.2017)

Уставот и се објавени, и кои се на сила, се дел од внатрешниот правен поредок на Република Хрватска, и имаат предност во однос на законите.

Што се однесува до постапката за ратификација на Протоколот за прием во НАТО, хрватската Влада го поднесува финалниот предлог-закон за ратификација на Протоколот за прием до претседателот на Парламентот по итна постапка. Потоа, предлог-законот се доставува до надлежното работно тело, односно до Комисијата за надворешни работи. По разгледувањето на предлог-законот и усвојувањето на позиција, Комисијата доставува извештај со предлози до Парламентот. Во согласност со горенаведените одредби од Уставот, за одобрување на Протоколот потребно е двотретинско мнозинство од сите пратеници.

## II.27 Црна Гора

Според Уставот на Црна Гора[42], Парламентот има надлежност да потврдува меѓународни договори. Согласно со Деловникот за работа на Парламентот[43] (член 160) меѓународниот договор се ратификува со донесување закон. Предлог-законот за ратификација на меѓународниот договор мора да биде поткрепен со објаснување, во кое се наведуваат причините за предлагање на ратификацијата на меѓународниот договор и проценка на потребните финансиски средства, доколку договорот има импликации за буџетот на Црна Гора. Законите за ратификација на меѓународните договори се донесуваат со мнозинство гласови на присутните пратеници на седницата на Парламентот на која мора да присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број пратеници.

## II.28 Чешка Република

Уставот на Чешката Република[44], во член 10а, наведува дека одделни овластувања на државните органи може со договор да бидат пренесени на меѓународна организација или институција. За ратификација на таквите договори потребна е согласност на Парламентот, освен во случаи кога за ратификацијата на овие договори е потребна потврда на референдум.

Уставот предвидува дека надлежен за преговорите за склучување меѓународни договори е Претседателот на Републиката, иако во пракса оваа надлежност обично се пренесува на Владата. Во членот 49 од Уставот се наведуваат типовите на договори за чија ратификација е потребна согласност на двата дома на Парламентот. Меѓу тие договори се и договорите со кои државата станува членка на меѓународна организација, како и договорите во врска со формирање сојуз, мир, или други политички договори.

---

[42] Устав на Црна Гора, http://www.paragraf.me/propisi-crnegore/ustav-crne-gore.html (пристапено на 11.7.2017)
[43]RULES OF PROCEDURE OF THE PARALIAMENT OF MONTENEGRO, www.legislationline.org/.../Montenegro_Rules_procdre_parl_1996am2005_en.pdf (пристапено на 11.7.2017)
[44] Устав на Чешката Република, http://www.usoud.cz/en/constitution-of-the-czech-republic/ (пристапено на 11.7.2017)

Начинот на парламентарната ратификација на меѓународните договори е регулиран во член 39 од Уставот. Според член 39, една третина од претставниците од двата дома на Парламентот претставува кворум. Ако со Уставот не е поинаку определено, просто мнозинство од присутните пратеници, односно сенатори, е неопходно да се донесе резолуција во двата дома на Парламентот. Апсолутно мнозинство од сите пратеници, како и апсолутно мнозинство на сенатори потребно е за донесување на резолуција за воена состојба или испраќање вооружени сили надвор од територијата на Републиката, како и резолуција за учество во системот за одбрана на меѓународните организации во кои Чешка е членка. Согласност од три петтини (60%) од сите пратеници и три петтини од сите сенатори е потребна за донесување на договор или согласност за ратификација на договорите предвидени во член 10а од Уставот (види погоре).

Двата дома на чешкиот Парламент одделно расправаат и гласаат за ратификација на меѓународните договори. Процесот на ратификација формално завршува со потписот од страна на Претседателот. Кога станува збор за ратификација на Протоколот за пристапување на нови членки во НАТО, важи правилото за гласање со просто мнозинство од пратениците и сенаторите. Во Претставничкиот дом (Долниот дом на Парламентот) се предвидени две читања (и гласања) помеѓу кои Протоколот се доставува на разгледување во Комисиите, додека во Сенатот (Горниот дом) Протоколот поминува низ едно читање (и гласање) на пленарна седница, на што претходи дискусија во Комисиите на Сенатот.

## II.29 Кралство Шпанија

Согласно Уставот на Шпанија[45], за определени видови на меѓународни договори, вклучително договорите од воена и политичка природа потребно е одобрување од страна на двата дома на Парламентот. За останатите договори Владата е обврзана само да ги информира Домовите на Парламентот. Постапката започнува кога Владата го доставува меѓународниот договор во Долниот дом на Парламентот. Потоа, договорот се доставува до надлежната Комисија (Комисијата за надворешни работи), која има право да поднесе амандмани. По дискусијата во Комисијата, за договорот и предложените амандмани се дискутира на пленарна седница. По расправата и гласањето на пленарната седница во Долниот дом, договорот се доставува до Горниот дом на Парламентот, каде што поминува низ идентична постапка. Во однос на гласањето во парламентот за ратификација на меѓународни договори потребно е просто мнозинство.

[45] Устав на Кралство Шпанија, http://www.congreso.es/portal/page/portal/Congreso/Congreso/Hist_Normas/Norm/const_espa_texto_ingles_0.pdf (пристапено на 11.7.2017)

## III. ТАБЕЛАРЕН И ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ВРЕМЕНСКАТА РАМКА НА ПРОЦЕСОТ НА РАТИФИКАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА НАТО

Проширувањето на НАТО е постојан и динамичен процес кој се заснова на членот 10 од Северноатлантскиот договор[46]. На таа правна основа, во периодот 1949-1982, на 12-те основачки земји членки на НАТО им се приклучија четири земји: Турција и Грција во 1952 година (прв круг на проширување), Германија во 1955 година, при што Источна Германија се приклучи на Алијансата во 1990 година (втор круг на проширување) и Шпанија во 1982 година (трет круг на проширување). По студената војна кон НАТО се приклучија 13 земји во 4 круга на проширување: Чешка, Унгарија и Полска во 1999 година; Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија во 2004 година, Албанија и Хрватска во 2009 година и Црна Гора во 2017 година.

Во однос на чекорите од процесот на пристапувањето во НАТО по добивањето покана за членство, клучни датуми[47] за Чешка, Унгарија и Полска, односно **четвртиот круг на проширувањето** се:

- 8 јули **1997** година - покана за членство во НАТО;
- септември 1997 година - прва рунда на преговори за членство;
- ноември 1997 година - втора рунда на преговори за членство;
- ноември 1997 - Унгарија одржа референдум за членство на земјата во НАТО, кое беше поддржано од 85,3% од гласачите;
- 16 декември 1997 година - министрите за надворешни работи на земјите членки на НАТО ги потпишаа протоколите за пристап;
- 1998 година - протоколите за пристап се ратификувани од страна на државите членки на НАТО;
- 12 март **1999** година - полноправно членство во НАТО.

Клучни датуми[48] во процесот на пристапувањето на Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија во НАТО, односно **петтиот круг на проширување** се:

- 21-22 ноември **2002** година - покана за членство во НАТО;

---

[46] The North Atlantic Treaty (1949), http://www.nato.int/nato_static/assets/pdf/stock_publications/20120822_nato_treaty_en_light_2009.pdf (пристапено на 9.6.2017)

[47] The Accession of the Czech Republic, Hungary and Poland http://www.nato.int/DOCU/comm/1999/9904-wsh/pres-eng/03acce.pdf, (пристапено на 9.6.2017)

[48] Bulgaria - Chronology http://www.nato.int/invitees2004/bulgaria/chronology.htm (пристапено на 9.7.2017)
Estonia in NATO http://www.eata.ee/en/estonia-in-nato/chronology (пристапено на 9.7.2017)
Estonia Chronology http://www.nato.int/invitees2004/estonia/chronology.htm (пристапено на 9.7.2017)
Latvia Chronology http://www.nato.int/invitees2004/latvia/chronology.htm (пристапено на 9.7.2017)
Chronology of cooperation between Latvia nad NATO 2003 http://www.mfa.gov.lv/en/security-policy/co-operation-with-nato-member-states-and-candidate-countries/chronology-of-co-operation-between-latvia-and-nato-2003 (пристапено на 9.7.2017)
Lithuania Chronology http://www.nato.int/invitees2004/lithuania/chronology.htm (пристапено на 9.7.2017)
Romania Chronology http://www.nato.int/invitees2004/romania/chronology.htm (пристапено на 9.7.2017)
A chronology of Romania – NATO relationship http://www.mae.ro/en/node/2131 (пристапено на 9.7.2017)
Slovakia Chronology http://www.nato.int/invitees2004/slovakia/chronology.htm (пристапено на 9.7.2017)
Slovenia Chronology http://nato.gov.si/eng/slovenia-nato/chronology/ (пристапено на 9.7.2017)
Chronology of Slovenias Accessions to NATO, http://www.mzz.gov.si/en/foreign_policy_and_international_law/nato/chronology_of_slovenias_accession_to_nato/ (пристапено на 9.7.2017)

- 26 март 2003 година - земјите членки на НАТО ги потпишаа протоколите за пристап;
- меѓу мај 2003 и февруари 2004 година - протоколите за пристап се ратификувани од страна на државите членки на НАТО;
- февруари-март 2004 година - протоколите за пристап се ратификувани од страна на седумте земји, а во Словенија претходно (23 март 2003 година) беше одржан референдум за членство на земјата во НАТО, кое беше поддржано од 66,8% од гласачите;
- 29 март **2004** година - полноправно членство во НАТО.

Клучни датуми[49] во процесот на пристапувањето на Албанија и Хрватска во НАТО, односно **шестиот круг на проширување** се:

- 3 април **2008** година - покана за членство во НАТО;
- 9 јули 2008 година - земјите членки на НАТО ги потпишаа протоколите за пристап;
- меѓу Септември 2008 и март 2009 година - протоколите за пристап се ратификувани од страна на државите членки на НАТО;
- 1 април **2009** година - полноправно членство во НАТО.

Клучни датуми[50] во процесот на пристапувањето на Црна Гора во НАТО, односно **седмиот круг на проширување** се:

- 2 декември **2015** година - покана за членство во НАТО;
- февруари 2016 година - одржани преговори за членство;
- 19 мај 2016 година - министрите за надворешни работи на земјите членки на НАТО ги потпишаа протоколите за пристап;
- меѓу јуни 2016 и јуни 2017 година - протоколите за пристап се ратификувани од страна на државите членки на НАТО;
- 5 јуни **2017** година - полноправно членство во НАТО.

Временската рамка на процесот на ратификацијата на Протоколите за пристап од последните 4 круга на проширување (по студената војна) се предмет на графички и табеларен приказ. Целта е да се даде генерална слика за времетраењето на процесот на ратификацијата на Протоколот за пристап, во земјите членки на НАТО. Процесот на ратификација е значаен фактор кој придонесува во целокупната временска рамка од поканата за членство во НАТО до формалниот прием на поканетата земја во Сојузот. Во таа насока, табеларно и графички се претставени информациите во врска со периодот од влезот на Протоколот за определена земја или група земји во парламентарна процедура до неговото усвојување или стапување на сила во земјите членки на НАТО. Воедно даден е и приказ и на временската рамка на ратификацијата на Протоколот во земјата која пристапува во НАТО.

При разгледувањето на податоците опфатени во ова поглавје, треба да се има предвид дека во Канада и Обединетото Кралство одлуката за ратификација на Протоколот за пристап во НАТО ја носи владата. Воедно, истражувањето не

[49] NATO’s relations with Albania, http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_48891.htm#evolution (пристапено на 13.7.2017)
NATO’s relations with Croatia, http://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_31803.htm (пристапено на 13.7.2017)
[50] Relations with Montenegro, http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49736.htm (пристапено на 13.7.2017)

содржи информации за датумот на влезот на Протоколот за пристап на Црна Гора, во парламентарна процедура во земјите членки на НАТО бидејќи информациите добиени од ЕЦПРД датираат од декември 2015 година. Согласно со достапните информации, за Црна Гора е даден табеларен приказ на датумите на ратификација на Протоколот и неговото стапување на сила во земјите членки на НАТО. Исто така, треба да се има предвид дека во табеларниот и графичкиот приказ се опфатени само оние земји членки на НАТО кои одговориле на прашалникот на ЕЦПРД.

*Табела 1: Четвртиот круг на проширување 1999 година (Чешка, Унгарија и Полска)*

| Четврто проширување (Чешка, Унгарија и Полска) | Држави членки на НАТО | Датум на прием на Протоколот во Парламент | Датум на ратификација/ (*стапување на сила) на Протоколот | Број на денови од приемот до ратификацијата на Протоколот |
|---|---|---|---|---|
| | Белгија | 18.6.1998 г. | 10.8.1998 г. | 53 дена |
| | Германија | 29.12.1997 г. (Бундесрат) 9.2.1998 г. (Бундестаг) | 6.4.1998 г.* | 98 дена |
| | Грција | 19.3.1998 г. | 28.5.1998 г.* | 45 дена |
| | Данска | 17.12.1997 г. | 3.2.1998 г. | 48 дена |
| | Канада | / | 4.2.1998 г. | / |
| | Португалија | 2.6.1998 г. | 16.9.1998 г. | 106 дена |
| | САД | 11.2.1997 г. | 30.4.1998 г. 4.12.1998 г.* | 78 дена |
| | Франција | / | 17.6.1998 г.* | / |
| | Холандија | 12.5.1998 г. | 1.12.1998 г. | 203 дена |
| | Шпанија | 7.4.1998 г. | 23.6.1998 г. | 77 дена |

**Чешка:** Северноатлантскиот договор влезе во парламентарна процедура во Долниот дом на 22 јануари 1998 година, а во Горниот дом на 16 април 1998 година. Парламентот на Република Чешка даде одобрение за ратификација на Договорот на 30 април 1998 година. По приемот на формалната покана за членство во НАТО во јануари 1999 година, Претседателот потпиша договор на 26 февруари 1999 година, што се смета за формален чин на ратификација.

**Унгарија:** Северноатлантскиот договор влезе во парламентарна процедура на 9 октомври 1998 година, ратификуван е на 9 февруари 1999 година, а стапи во сила на 11 февруари 1999 година.

**Полска:** Северноатлантскиот договор беше ратификуван на 20 октомври 1998 година, а доби согласност од Парламентот на 17 февруари 1999 година.

*Графикон 1: Времетраење на процесот на ратификација на Протоколот за земјите од четвртиот круг на проширување 1999 година (во денови)*



*Табела 2: Петтиот круг на проширување 2004 година (Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија)*

| | Држави членки на НАТО | Датум на прием на Протоколот во Парламент | Датум на ратификација/ (*стапување на сила) на Протоколот | Број на денови од приемот до ратификацијата на Протоколот |
|---|---|---|---|---|
| Петто проширување (Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија) | Белгија | 5.8.2003 г. | 17.12.2003 г. | 134 дена |
| | Германија | 11.4.2003 г. (Бундесрат) 5.5.2003 г. (Бундестаг) | 18.9.2003 г.* | 160 дена |
| | Грција | 16.9.2003 г. | 5.12.2003 г.* | 80 дена |
| | Данска | 9.4.2003 г. | 15.5.2003 г. | 36 дена |
| | Канада | / | 28.3.2003 г. | / |
| | Полска | 9.6.2003 г. | 9.7.2003 г. | 30 дена |
| | Португалија | 20.8.2003 г. | 27.11.2003 г. | 99 дена |
| | САД | 10.4.2003 г. | 8.5.2003 г.* | 28 дена |
| | Унгарија | 22.5.2003 г. | 2.6.2003 г.* | 12 дена |
| | Франција | 8.10.2003 г. (Долниот дом) 3.2.2004 г. (Горниот дом) | 16.2.2004 г.* | 118 дена |
| | Холандија | 12.5.2003 г. | 11.2.2004 г. | 275 дена |
| | Чешка | 30.5.2003 г. (Долниот дом) 29.7.2003 г. (Горниот дом) | 13.8.2003 г. | 75 дена |
| | Шпанија | 13.6.2003 г. | 28.10.2003 г. | 137 дена |

**Естонија: Северноатлантскиот договор влезе во собраниска процедура на 16 февруари 2004 година, а беше ратификуван на 10 март 2004 година.**
**Латвија: Северноатлантскиот договор влезе во собраниска процедура на 11 февруари 2004 година, а беше ратификуван на 24 февруари 2004 година.**
**Литванија: Северноатлантскиот договор влезе во собраниска процедура на 3 март 2004 година, а беше ратификуван на 10 март 2004 год. и стапи на сила на 16 март 2004 год.**
**Словачка: Северноатлантскиот договор влезе во собраниска процедура на 26 мај 2004 година, а беше ратификуван на 23 јуни 2004 година.**
**Словенија: Законот за ратификација на Северноатлантскиот договор влезе во собраниска процедура на 23 јануари 2003 година, а беше усвои на 24 февруари 2004 година.**

*Графикон 2: Времетраење на процесот на ратификација на Протоколот за земјите од петтиот круг на проширување 2004 година (во денови)*



*Табела 3: Шестиот круг на проширување 2009 година (Албанија и Хрватска)*

| | Држави членки на НАТО | Датум на прием на Протоколот во Парламент | Датум на ратификација/ (*стапување на сила) на Протоколот | Број на денови од приемот до ратификацијата на Протоколот |
|---|---|---|---|---|
| Шесто проширување (Албанија и Хрватска) | Белгија | 16.1.2009 г. | 31.1.2009 г. | 15 дена |
| | Германија | 26.9.2008 г. (Бундесрат) 7.11.2008 г. (Бундестаг) | 21.12.2008 г.* | 86 дена |
| | Грција | 22.1.2009 г. | 4.3.2009 г.* | 41 ден |
| | Данска | 23.10.2008 г. | 9.12.2008 г. | 47 дена |
| | Естонија | 3.11.2008 г. | 17.12.2008 г. | 44 дена |
| | Канада | / | 16.1.2009 г. | / |
| | Летонија | 28.8.2008 г. | 18.9.2008 г. | 21 ден |
| | Литванија | 9.9.2008 г. | 6.10.2008 г.* | 27 дена |
| | Полска | 30.9.2008 г. | 8.10.2008 г. | 9 дена |
| | Португалија | 7.1.2009 г. | 10.3.2009 г. | 62 дена |
| | Романија | 9.10.2008 г. (Горниот дом) 13.10.2008 г. (Долниот дом) | 20.10.2008 г. (Горниот дом) 15.10.2008 г. (Долниот дом) | 11 дена 2 дена |
| | САД | 23.7.2008 г. | 25.9.2008 г.* | 64 дена |
| | Словачка | 6.10.2008 г. | 24.10.2008 г. | 18 дена |
| | Словенија | 8.12.2008 г. | 9.2.2009 г. | 63 дена |
| | Унгарија | 10.7.2008 г. | 15.9.2008 г.* | 83 дена |
| | Франција | 26.11.2008 г. (Долниот дом) 29.1.2009 г. (Горниот дом) | 29.1.2009 г. (Долниот дом) 4.2.2009 г. (Горниот дом) 16.2.2009 г.* | 70 дена |
| | Холандија | 9.9.2008 г. | 17.2.2009 г. | 161 ден |
| | Чешка | 1.10.2008 г. (Долниот дом) 2.10.2008 г. (Горниот дом) | 22.12.2008 г. | 53 дена |
| | Шпанија | 24.10.2008 г. | 17.12.2008 г. | 54 дена |

**Албанија: Северноатлантскиот договор влезе во собраниска процедура на 3 март 2009 година, а беше ратификуван на 26 март 2009 година.**
**Хрватска: Законот за ратификација на Северноатлантскиот договор влезе во собраниска процедура на 19 март 2009 година, а беше усвоен на 25 март 2009 година.**

*Графикон 3: Времетраење на процесот на ратификација на Протоколот за земјите од шестиот круг на проширување 2009 година (во денови)*



*Табела 4: Седмиот круг на проширување 2017 година (Црна Гора)*[51]

| | **Држави членки на НАТО** | **Датум на ратификација на Протоколот** | **Датум на стапување на сила на Протоколот** |
|---|---|---|---|
| **Седмо проширување (Црна Гора)** | Албанија | 23.6.2016 г. | 6.9.2016 г. |
| | Белгија | 15.12.2016 г. | 18.1.2017 г. |
| | Бугарија | 30.6.2016 г. | 18.8.2016 г. |
| | Германија | 2.12.2016 г. | 3.5.2017 г. |
| | Грција | 31.1.2017 г. | 22.3.2017 г. |
| | Данска | 19.12.2016 г. | 17.1.2017 г. |
| | Естонија | 20.10.2016 г. | 9.1.2017 г. |
| | Исланд | 8.6.2016 г. | 23.6.2016 г. |
| | Италија | 10.1.2017 г. | 1.2.2017 г. |
| | Канада | 1.3.2017 г. | 6.3.2017 г. |
| | Летонија | 6.10.2016 г. | 1.11.2016 г. |
| | Литванија | 3.11.2016 г. | 20.12.2016 г. |
| | Луксембург | 14.12.2016 г. | 1.2.2017 г. |
| | Норвешка | 10.1.2017 г. | 9.2.2017 г. |
| | Обединето Кралство | 28.10.2016 г. | 15.11.2016 г. |
| | Полска | 6.7.2016 г. | 28.11.2016 г. |
| | Португалија | 23.12.2016 г. | 27.3.2017 г. |
| | Романија | 4.10.2016 г. | 24.3.2017 г. |
| | САД | 28.3.2017 г. | 21.4.2017 г. |
| | Словачка | 14.6.2016 г. | 6.7.2016 г. |
| | Словенија | 8.6.2016 г. | 8.7.2016 г. |
| | Турција | 9.9.2016 г. | 27.11.2016 г. |
| | Унгарија | 13.6.2016 г. | 11.7.2016 г. |
| | Франција | 2.2.2017 г. | 18.4.2017 г. |
| | Холандија | 21.3.2017 г. | 4.5.2017 г. |
| | Хрватска | 25.11.2016 г. | 13.2.2017 г. |
| | Чешка | 1.12.2016 г. | 27.2.2017 г. |
| | Шпанија | 10.5.2017 г. | 18.5.2017 г. |
| **Црна Гора: Парламентот го донесе Законот за ратификација на Северноатлантскиот договор на 28.4.2017 година.** | | | |

[51] Податоците се добиени од истражувачката служба на Парламентот на Црна Гора. Табелата не содржи информации за датумот на влезот на Протоколот за пристап на Црна Гора, во парламентарна процедура во земјите членки на НАТО бидејќи информациите добиени од ЕЦПРД датираат од декември 2015 година.

## IV. ЗАВРШНИ НАОДИ

Во однос на **чекорите во процесот на пристапување во НАТО** од добивањето покана за членство, може да се забележи дека **процесот на ратификација на протоколите за пристап** на поканетите земји е значаен фактор кој придонесува за целокупната временска рамка од поканата за членство во НАТО до формалниот прием на поканетата земја во Сојузот.

Постапката на ратификација започнува со **потпишувањето на Протоколот од страна на министрите за надворешни работи на сите земји членки на НАТО**, а завршувањето на овој процес е предуслов за полноправно членство на поканетата држава во НАТО.

Со оглед на фактот што со ратификацијата на протоколите за пристап на нови земји во НАТО, всушност се ратификуваат измените на Северноатлантскиот договор, чии потписнички се сите земји членки на НАТО, **процесот на ратификација, по правило, се одвива по редовна постапка предвидена за ратификација на меѓународни договори**, освен доколку со Уставот или друг правен акт не е поинаку определено. Оваа постапка најчесто се дефинира со уставите на земјите, а деталите се содржани и во деловниците на парламентите. Сепак треба да се има предвид дека во Канада и Обединетото Кралство одлуката за ратификација на Протоколот за пристап ја носи владата, додека во останатите 27 земји членки на НАТО, процесот на ратификација на Протоколот за пристап се одвива во парламентите.

Во земјите каде што оваа постапка се одвива во **парламентот**, за ратификација на Протоколот обично се носи закон за ратификација, а поретко се носат одлуки во некоја друга форма, како што е парламентарната резолуција (на пр. во Данска). Во дводомните парламенти ратификацијата најчесто се одвива во двата дома, обично прво во Долниот дом, а потоа и во Горниот дом (на пр. во Германија, Романија и Шпанија), но исто така има и случаи како што е Чешка, каде редоследот не е утврден, и процесот се одвива паралелно во двата дома. Исклучоци се: Белгија, каде што ратификацијата се одвива само во Долниот дом на Парламентот, како и САД, каде што Протоколот се ратификува само во Горниот дом (Сенатот) (*види Табела 5* стр. 32).

Во земјите каде за ратификацијата на Протоколот е надлежна **извршната власт**, (на пр. во Канада и Обединетото Кралство), постои пракса на доставување на текстот на меѓународните договори (на пример, во овој случај на Протоколот) на разгледување во Парламентот во траење од 21 ден, без право законодавниот дом да гласа за ратификацијата (*види Табела 5*).

Во однос на постапката за гласање, од 27-те земји членки на НАТО, каде се практикува ратификација на протоколите во парламентот, 21 од нив за ратификација одлучуваат по редовна постапка за гласање и гласање по принципот на **просто мнозинство** (мнозинството од присутните пратеници). Оваа постапка се применува во Белгија, Бугарија, Чешка, Данска, Франција, Грција, Холандија, Исланд, Италија, Латвија, Литванија, Унгарија, Германија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Црна Гора Шпанија и Турција. **Апсолутно мнозинство** (мнозинство од вкупниот број пратеници)

потребно е за ратификација на Протоколот во парламентите на Албанија, Естонија и Словачка. Во Парламентот на Луксембург, хрватскиот Парламент, и Сенатот на САД за ратификација на Протоколот е потребно **квалификувано мнозинство** (двотретинско мнозинство од сите пратеници) (*види Табела 5*).

Во однос на **државите кои пристапија во НАТО** во последните четири кругови на проширување, 11 од 13 земји одлуката за пристапување ја донесоа во рамките на парламентарната процедура, а во две (Унгарија и Словенија) беше свикан референдум.

Во однос на **времетраењето на целокупниот процес на ратификација на Протоколот**, согласно достапните податоци[52], при споредбата на четвртиот (1999 година) и петтиот круг (2004 година) на проширување може да се забележи тренд на благ раст на просечното времетраење на процесот на ратификација во националните парламенти. Имено, просечното време поминато од денот на приемот на документот во собраниска процедура до неговото изгласување на пленарна седница изнесувало 88 дена во 1999 година и 99 дена во 2004 година. Овој раст на времетраењето на процесот на ратификација може да се објасни со зголемувањето на бројот на земјите членки, а со тоа и зголемувањето на бројот на постапки за ратификација. Меѓутоа, во случај на шестото проширување (2009 година), просечното времетраење на ратификација е значително намалено и изнесува 52 дена. Од приложените податоци може да се заклучи дека процедурата за ратификација на Протоколот е најдолга во Холандија, односно за проширувањето во 1999 година изнесувала 203 дена, за проширувањето во 2004 година изнесувала 275 дена, а за проширувањето во 2009 година изнесувала 161 ден. За седмото проширување (2017 година) нема податоци кога е влезен Протоколот во собраниска процедура во земјите членки на НАТО.

Доколку како појдовна основа за процесот на ратификација се земе периодот од датумот на потпишувањето на Протоколот од страна на министрите за надворешни работи на сите земји членки на НАТО до датумот на ратификацијата на Протоколот за пристап од страна на земјата членка на НАТО во која процесот на ратификација трае најдолго, може да се забележи дека:

- За четвртиот круг на проширување 1999 година (Чешка, Унгарија и Полска), процесот на ратификација на Протоколот за пристап траел околу **12 месеци**[53], а по околу три месеци по ратификацијата на Протоколот земјите станаа полноправни членки на НАТО.
- За петтиот круг на проширување 2004 година (Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија), процесот на ратификација на Протоколот за пристап траел околу **11 месеци**[54]**,** а по

[52] Податоците се однесуваат само на оние земји членки на НАТО кои обезбедија информации во врска со процесот на ратификација во рамките на одговорите на прашалникот 3010 поставен на ЕЦПРД на 22 декември 2015 од страна на истражувачката служба на Парламентот на Црна Гора.

[53]Протоколот е потпишан од земјите членки на НАТО на 16.12.1997 година, а на 1.12.1998 година е ратификуван од страна на Холандија, каде процесот на ратификација е најдолг во споредба со останатите земји членки на НАТО.

[54] Протоколот е потпишан од земјите членки на НАТО на 26.3.2003 година, а на 11.2.2004 година е ратификуван од страна на Холандија, каде процесот на ратификација е најдолг во споредба со останатите земји членки на НАТО.

околу еден месец по ратификацијата на Протоколот земјите станаа полноправни членки на НАТО.

- За шестиот круг на проширување 2009 година (Албанија и Хрватска), процесот на ратификација на Протоколот за пристап траел околу **7 месеци**[55], а по околу два месеци по ратификацијата на Протоколот земјите станаа полноправни членки на НАТО.
- За седмиот круг на проширување 2017 година (Црна Гора), процесот на ратификација на Протоколот за пристап траел околу **12 месеци**[56], а по околу еден месец по ратификацијата на Протоколот земјата стана полноправна членка на НАТО.

[55] Протоколот е потпишан од земјите членки на НАТО на 9.7.2008 година, а на 17.2.2009 година е ратификуван од страна на Холандија, каде процесот на ратификација е најдолг во споредба со останатите земји членки на НАТО.

[56] Протоколот е потпишан од земјите членки на НАТО на 19.5.2016 година, а на 10.5.2017 година е ратификуван од страна на Шпанија, последна од земјите членки на НАТО која го ратификуваше Протоколот за пристап на Црна Гора.

*Табела 5: Начин на ратификација на меѓународните договори (протоколите за пристап во НАТО) во државите членки на НАТО*

| Држави членки на НАТО | Начин на одлучување | Потребно мнозинство | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Албанија | во Парламент | Апсолутно мнозинство | |
| Белгија | во Парламент (само Долниот дом) | Просто мнозинство | |
| Бугарија | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Германија | во Парламент (двата дома) | Просто мнозинство | Ратификацијата прво се врши во Долниот дом, па потоа и во Горниот дом. |
| Грција | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Данска | во Парламент (парламентарна резолуција) | Просто мнозинство | |
| Естонија | во Парламент | Апсолутно мнозинство | |
| Исланд | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Италија | во Парламент (двата дома) | Просто мнозинство | |
| Канада | Влада | / | Во пракса, од 2008 година, Парламентот го разгледува Протоколот во рок од 21 ден, но не гласа. |
| Летонија | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Литванија | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Луксембург | во Парламент | Квалификувано мнозинство | |
| Норвешка | во Парламент | Просто мнозинство | По гласањето во Парламентот, Кралот со потпис формално го завршува процесот |
| Обединето Кралство | Министерот за надворешни работи | / | Во пракса сите договори за кои е потребна ратификација се доставуваат во Парламентот на расправа, 21 ден пред нивното усвојување, но без право на одлучување |
| Полска | во Парламент | Просто мнозинство | Прво гласа Долниот дом на Парламентот, па потоа Горниот дом |
| Португалија | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Романија | во Парламент (двата дома) | Просто мнозинство | Ратификацијата прво се врши во Долниот дом, па потоа и во Горниот дом. |
| САД | Во Парламент (само Горниот дом) | Квалификувано мнозинство | |
| Словачка | во Парламент | Апсолутно мнозинство | |
| Словенија | во Парламент (двата дома) | Просто мнозинство | |
| Турција | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Унгарија | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Франција | во Парламент (двата дома) | Просто мнозинство | |
| Холандија | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Хрватска | во Парламент | Квалификувано мнозинство | |
| Црна Гора | во Парламент | Просто мнозинство | |
| Чешка | во Парламент (двата дома) | Просто мнозинство | Двата дома на Парламентот одлучуваат истовремено |
| Шпанија | во Парламент (двата дома) | Просто мнозинство | Прво гласа Долниот дом на Парламентот, па потоа Горниот дом |

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. A chronology of Romania – NATO relationship http://www.mae.ro/en/node/2131
2. Bulgaria http://www.nato.int/invitees2004/bulgaria.htm
3. Bulgaria - Chronology http://www.nato.int/invitees2004/bulgaria/chronology.htm
4. Chronology of cooperation between Latvia nad NATO 2003, http://www.mfa.gov.lv/en/security-policy/co-operation-with-nato-member-states-andcandidate-countries/chronology-of-co-operation-between-latvia-and-nato-2003
5. Chronology of Slovenias Accession to NATO http://www.mzz.gov.si/en/foreign_policy_and_international_law/nato/chronology_of_slovenias_accession_to_nato/
6. ECPRD Request 3010, Ratification of Protocols on Accession to the North Atlantic Treaty, 22 December 2015
7. Enlargement http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49212.htm
8. Estonia http://www.nato.int/invitees2004/estonia.htm
9. Estonia Chronology http://www.nato.int/invitees2004/estonia/chronology.htm
10. Estonia in NATO http://www.eata.ee/en/estonia-in-nato/chronology
11. Francisco José Rodrigo Luelmo. The accession of Spain to NATO, CVCE, 2012, http://www.cvce.eu/obj/the_accession_of_spain_to_nato-en-831ba342-0a7c-4ead-b35f-80fd52b01de9.html
12. Infografik: Šta nakon pozivnice za NATO, CDT, 2015 http://www.test.cdtmn.org/nato/nato-analize/sta-nakon-pozivnice-za-nato-infografik/
13. Latvia Chronology http://www.nato.int/invitees2004/latvia/chronology.htm
14. Lithuania Chronology http://www.nato.int/invitees2004/lithuania/chronology.htm
15. Mehmedin Tahirović, Renato Petrić. Integracija Crne Gore u NATO. Uprava za kadrove, Podgorica, 2015.
16. Membership Action Plan http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_37356.htm
17. Member Countries, 20 Aug. 2013 http://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_52044.htm
18. Member countries: The first wave of post-Cold War enlargement, 20 Aug. 2013 http://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_52044.htm
19. Michel John Garcia, International Law and Agreements: Their Effect upon U.S. Law, Congressional Research Service.
20. Michel John Garcia, NATO Enlargement: Senate Advice and Consent, CRS, 2009 https://www.fas.org/sgp/crs/row/RL31915.pdf
21. NATO's relations with Albania http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_48891.htm#evolution
22. NATO's relations with Croatia http://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_31803.htm
23. NATO's relations with Montenegro http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49736.htm
24. North Atlantic Cooperation Council, NACC http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_69344.htm
25. North Atlantic Treaty Organization http://www.nato.int/cps/en/natohq/51288.htm

26 Парламент на Канада ://www.parl.gc.ca/content/lop/researchpublications/2008-45-e.htm

27. Partnership for Peace http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_50349.htm
28. Деловник на Парламентот на Франција http://www2.assemblee-nationale.fr/langues/welcome-to-the-english-website-of-thefrench-national-assembly#chap11
29. Деловник на Парламентот на Летонија http://www.saeima.lv/en/legislation/rules-of-procedure

30. Деловник на Парламентот на Норвешка https://www.stortinget.no/Global/pdf/Diverse/Forretningsorden_engelsk_2014.pdf
31. Деловник на Сејмот, http://oide.sejm.gov.pl/oide/en/index.php?option=com_content&view=article&id=14798:the-standing-orders-of-the-sejm-of-the-republic-of-poland&catid=7&Itemid=361
32. Prague Summit Declaration issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Prague on 21 November 2002 http://www.nato.int/docu/rdr-gde-prg/rdr-gde-prg-eng.pd
33 Црна Гора - НАТО - клучни датуми http://www.natomontenegro.me/nato-info/Kljucni_datumi/
34. Romania http://www.nato.int/invitees2004/romania.htm
35. Romania Chronology http://www.nato.int/invitees2004/romania/chronology.htm
36. Slovakia http://www.nato.int/invitees2004/slovakia.htm
37. Slovakia Chronology http://www.nato.int/invitees2004/slovakia/chronology.htm
38. Slovenia http://www.nato.int/invitees2004/slovenia.htm
39. Slovenia Chronology http://nato.gov.si/eng/slovenia-nato/chronology/
40. Study on NATO Enlargement http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49212.htm#
41. The Accession of the Czech Republic, Hungary and Poland http://www.nato.int/DOCU/comm/1999/9904-wsh/pres-eng/03acce.pdf
42. Процес на ратификација во Обединетото Кралство http://www.unizar.es/euroconstitucion/Treaties/Treaty_Const_Rat_UK.htm
43. Устав на Албанија http://unpan1.un.org/intradoc/groups/public/documents/untc/unpan013810.pdf
44. Устав на Бугарија http://www.vks.bg/english/vksen_p04_01.htm
45. Устав на Чешка http://www.usoud.cz/en/constitution-of-the-czech-republic/
46. Устав на Данска https://www.constituteproject.org/constitution/Denmark_1953.pdf
47. Устав на Естонија https://www.president.ee/en/republic-of-estonia/the-constitution/
48. Устав на Холандија https://www.government.nl/documents/regulations/2012/10/18/the-constitution-ofthe-kingdom-of-the-netherlands-2008
49. Устав на Хрватска http://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2010_07_85_2422.html
50. Устав на Италија https://www.senato.it/documenti/repository/istituzione/costituzione_inglese.pdf
51. Устав на Луксембург https://www.constituteproject.org/constitution/Luxembourg_2009.pdf
52. Устав на Унгарија https://www.constituteproject.org/constitution/Hungary_2011.pdf
53. Устав на Полска http://www.sejm.gov.pl/prawo/konst/angielski/kon1.htm
54. Устав на Португалија http://www.en.parlamento.pt/Legislation/CRP/Constitution7th.pdf
55. Устав на Романија http://www.cdep.ro/pls/dic/site2015.page?id=371&idl=2&par1=3
56. Устав на Словачка http://www.vop.gov.sk/constitution-of-the-slovak-republic
57. Устав на Словенија www.dz-rs.si/wps/portal/en/Home/PoliticniSistem/UstavaRepublikeSlovenije
58. Устав на Турција http://www.constitution.org/cons/turkey/part3.htm
59. Vincent Morelli i dr. NATO Enlargement: Albania, Croatia, and Possible Future Candidates, CRS, 2009 https://www.fas.org/sgp/crs/row/RL34701.pdf